ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА
ОСИГУРУВАЊЕ

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола

ул. „Јане Сандански" бр.15
7000 Битола, РС Македонија
тел.: +389 076 511 811
Даночен број: МК 400 2023571495
Жиро сметка: 210 077165670 158
НЛБ Банка АД Скопје

# - КЛАСА 12 -
# Осигурување од одговорност од употреба на пловни објекти

# УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
# НА РЕЧНО И ЕЗЕРСКО КАСКО

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# КЛАСА 12 - ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ ОД УПОТРЕБА НА ПЛОВНИ ОБЈЕКТИ

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕЧНО И ЕЗЕРСКО КАСКО

### Предмет на осигурување

### Член 1

(1) Одредбите од овие Услови се применуваат во осигурување на секој пловен објект на внатрешнн води (реки, канали и езера) во Република Северна Македонија и за време на пловидба надвор од границите на Република Северна Македонија, на ризици што е изложен за време на пловидба, мирување, усидрување и од одговорност за штети направени на трети лица.

(2) Осигурување на пловниот објект го опфаќа трупот, инсталацинте, уредите, инвентарот и опремата, редовните залихи на гориво, масла и други бродски материјали како и залихи на храна и пијалоци потребни за посадата на бродот.

(3) Радио станици, радари и друга навигациона опрема на пловениот објект, ако не се сопственост на осигуреникот, не се сметаат за покриени со овие Услови, доколку тоа во полисата за осигурување не е поинаку договорено.

(4) Вонредни залихи на гориво, масла и друг материјал на залихи од храна и пијалоци што не служат за редовните потреби на посадата на бродот, трошоците на испраќање и осигурување на бродот како и специјална опрема, мрежи и друг рибарски прибор, опфатени се со осигурување на бродот само ако тоа е изрично договорено.

(5) Одредбите од овие Услови не се применуваат за осигурување на стока која што се пренесува со осигурениот пловен објект, како и на спортски и други чамци со и без мотор, викенд куќички на сплавови и слични објекти на внатрешни води.

### Осигурени ризици

### Член 2

(1) Спрема овие Услови со осигурување се покриени следните ризици:

1) Ширина на покритие под А:

Опфаќа потполна загуба на пловниот објектпоради:

а) невреме, бродолом, тонење, насукување, судар со друг пловен објект или со било кој друг предмет или пливачки објект, удар во обала или со било кое друго зацврстување, пливачки или патувачки објект, пожар, последица од направена мана на трупот на пловниот објект, и постројките (погонски или други) или опремата, експлозија од мини, торпеда, бомби и други експлозивни материјали (освен во време на војна или вооружен судар), допир со воздухоплови, поради натовар или истовар на товарот дозволен за превоз со таков пловен објект, при растовар на товарот од пловниот објект, кражба или насилно одземање на пловниот објект,

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

оштетување од нуклеарни уреди или реактори напловниот објект како и поради некое друго вонредно влијание или незгода додека пловниотобјект се наоѓа во пловидба, мирување или е извлечен на копно или на просторот набродоградилиштето;

b) невнимание на командирот, пилотот или другите членови на посадата на осигурениот пловен објект;

v) давање помош со цел за спасување на човечки животи или имотот на други пловни објекти во незгода.

(2) Ширина на покритие под Б опфаќа:

- ширината на покритие под А;
- осигурување од одговорност;
- делумно оштетување:

a) на трупот на пловниот објект настанати поради ризиците наведени под А;

b) на котлите на главните и помошните машини, перките или тркалата и нивните лопати, или оските,опремата и инвентарот ако тие се последици на насукување, пожар, судар со друг пловен објект или потонување;

v) придонес во генералната хаварија поради осигурените ризици.

(3) Ширина на покритие под В:

Ја опфаќа ширината на покритие под А и Б и:

a) сите делумни оштетувања на трупот, котлите, главните и помошните машини, техничките уреди, опремата и инвентарот на осигурениот пловен објект поради било кој осигуран ризик;

b) кај техничките пловни објекти сите вонредни штети на трупот, котлите, главните и помошни машини, техничките уреди, опремата иинвентарот на осигурениот пловен објект, настанати при нормална употреба на таквиот објект за работа;

v) трошоците за отстранување на оштетениот пловен објект или сметот по налог на надлежен орган, но само до осигурената сума.

## Осигурување од одговорност

## Член 3

(1) Со осигурување на одговорноста на осигуреникот за штети причинето на трети лица, осигурувачог се обврзува да ги надомести сите износи што осигуреникот е обврзан да ги плати за штетите направени од страна на осигурениот пловен објект непосредно или посредно и тоа до осигурената сума за:

a) штети направени на некој друг пловен објект поради судар, удар или на некој друг начин;

b) штети направени со пристанишните уреди, навозите, гатовите, кејовите, каблите или со било кој друг прицврстен или подвижен предмет на копно или во вода;

v) штети причинети со изливање или исфрлање од пловниот објект на материи штетни по околината;

g) трошоци за мерките превземени по барање на осигурувачот и неговите претставници или во спогодба со нив, поради заштита од неоправдани или претерани барања на третите лица како и трошоци на разумни мерки што осигуреникот ги превзел во ист правец безсогласност со

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

осигурувачот или неговите претставници ако таквата согласност не можел благовремено да ја добие;

d) побарувања за телесни оштетувања до сумата ограничена за одговорност на бродарот.

(2) Во случај кога на страната на осигуреникот постои обврска за давање на гаранција или хипотека во пари поради одговорноста спрема третите лица или за извршено спасување, а нарочито да би се избегнало задржувањето на бродот, осигурувачот е должен на барање на осигуреникот да издаде свое гарантно писмо или хипотека на пари, но само до висината на своите обврски по овие Услови.

**Исклучени ризици**

**Член 4**

(1) По овие Услови од осигурување се исклучени штети настанати посредно или непосредно поради:

1) намерна постапка или крајно невнимание на осигуреникот;

2) намерна постапка или крајно невнимание на лицата за чии што постапки одговара осигуреникот по Закон;

3) штети што екипажот на пловниот објект ги предизвикува во согласност со осигуреникот или по негово упатство, доколку не се предмет на генералната хаварија;

4) воени и политички ризици за време на воени операции и слични дејствија;

5) истрошеност на материјалот поради старост или употреба, трулеж или црвојадина;

6) ризици направени надвор од границата на пловидба предвидена во полисата;

7) ризик на мраз ако не е веднаш по настанувањето на мразот на реката пловниот објект упатен во најблискиот зимовник;

8) запирање на работа или работнички немири, забранета трговија, криумчарење и криминал;

9) штети поради неспособност на пловниот објект за пловидба (општа неспособност, како и неспособност за одредено патување и превоз што бродот го врши, било поради технички недостатоци или поради негова недоволна опременост, несоодветна посада, прекумерно или неправилно натоварање на товарот, натоварање на патници преку дозволениот број, како и ако газерот на пловниот објект е поголем од длабината на пловниот пат, намалена за 20см, ако осигуреникот знае или можел да дознае од предупредувањето на внимателниот бродар);

10) штетите што осигуреникот ќе ги претрпи само посредно поради оштетување на пловниот објект или затоа што пловниот објект бил без потребните документи како што се загуба на заработка, денгуба, обврска за надомест на штета поради неисполнување на договорот за превозот од осигурениот пловен објект;

11) трошоци за спасување при отсукување, доколку отсукувањето е вршено со сопствени средства на осигурениот пловен објект;

12) трошоци во врска со зимата и зимувањето без разлика на причината за настанувањето на тие трошоци освен ако тоа не е поинаку договорено;

13) трошоци на растоварање на пловниот објект и други издатоци што би биле направени поради низок водостој, како ни трошоци за пловидбата;

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

14) штети настанати поради непрописно товарениот опасен товар;
15) штети настанати како последица на пуштање на пловниот објект со водената струја - „нурнување".

**Осигурана вредност**
**Член 5**

(1) Вредност на осигурениот пловен објект, што е одговорно утврдена во полисата за осигурување (договорена вредност), означува сума и претставува горна граница на обврската на осигурувачот.

(2) Осигурувачот е во обврска да надомести последователни штети настанати за време на истото осигурување и кога вкупната висина за покривање на штетите ја надминува осигурената сума.

(3) Ако осигурената сума е поголема од стварната вредност на осигурениот пловен објект, при ликвидација на штетата се зема во предвид само стварната вредност на осигурениот пловен објект. Ако осигурената сума е помала од стварната вредност на осигурениот пловен објект, штетата ќе се надомести сразмерно помеѓу осигураната сума и стварната вредност на пловниот објект.

**Премија за осигурување**
**Член 6**

(1) Премијата за осигурување се плаќа непосредно по склучување на договорот за осигурување и тоа во цел износ, доколку поинаку не се договори.
(2) Премијата за осигурување се плаќа во денари или валута одредена со договорот за осигурување, а во согласност со важечките прописи.

**Член 7**

(1) Во случај на потполна загуба на пловниот објект, осигуреникот е должен да ја плати целата премија за осигурување наведена во полисата за осигурување, без разлика на должината на искористеното време за осигурување.

**Член 8**

a) Осигуреникот има право на враќање на дел од премијата во случај: ако во текот на траење на осигурувањето дојде до отуѓување или пренесување на пловниот објект;
b) ако помеѓу осигурувачот и осигуреникот дојдедо спогодбено раскинување на договорот за осигурување;
v) ако осигурениот пловен објект се повлече од сообраќај од било кои причини, освен зимовање и во зависност дали во тоа време на пловниот објект се прават поправки или не, под услов повлекувањето да трае подолго од 30 дена непрекинато.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

(2) Ако не е поинаку договорено, враќањето на премијата во случаите под А и Б се прави веднаш по настапување на настанот, а во случај под В по истек на периодот за осигурување.

(3) Осигуреникот има право на враќање на целата премија ако осигурениот предмет не бил воопшто изложен на ризиците и ако договорот за осигурување е поништен без вина на договорувачот на осигурувањето или осигуреникот.

**Франшиза**
**Член 9**

(1) Франшизата се одбива во износ утврден во полисата и се применува кај секоја поединечна штета и засебна хаварија. Франшизата не се применува кај штети на потполна загуба, трошоци на спасување или генерални хаварии.

**Траење на осигурувањето**
**Член 10**

(1) Кај осигурувањето на одредено време, осигурувањето почнува да тече по европско време во 00:00 часот на првиот, а се завршува во 24:00 часот на последниот ден предвиден во полисата.

(2) Ако осигурувањето на бродот завршува во време додека бродот се наоѓа на патување, осигурувањето се продолжува до првото наредно пристаниште со доплатна премија, ако осигуреникот од тоа не се откаже пред завршување на осигурениот период.

**Член 11**

(1) Осигурување на пловниот објект на одредено патување почнува од почеток на натовар на товарот во појдовното пристаниште (наведено во полисата) и трае додека не се заврши истоварање на товарот во одредено пристаниште (наведено во полисата), но не подолго од 21 ден по доаѓање на бродот во тоа пристаниште.

(2) Ако пред завршување на истоварот на товарот почне со натовар на товар во одреденото пристаннште за ново патување, осигурувањето престанува кога ќе почне натоварувањето.

(3) Ако во појдовното пристанишпте товар не се натовара, осигурувањето почнува кога осигурениот пловен објект го подигне сидрото или се одврзе во тоа пристаниште поради поаѓање на осигуреното патување.

(4) Ако во одреденото пристанишге товарот не се истовари, осигурувањето престанува кога осигурениот пловен објект се усидри или се приврзе во тоа пристаниште.

(5) Ако патувањето се прекине пред одреденото пристаниште осугурувањето престанува во местото во кое што патувањето е прекинато.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Обврски на осигуреникот и осигурувачот**

**Член 12**

(1) Осигуреникот е должен при склучување на договорот за осигурување, да ги пријави на осигурувачот сите околности што се значајни за процена на тежината на ризикот, како и секоја промена на ризикот до која што ќе дојде во текот на траење на осигурувањето.
(2) Осигуреникот е должен за време на траење на осигурувањето да води грижа за осигурениот пловен објект со внимание на добар стопанственик.
(3) Во случај на остварување на осигурен ризик осигуреникот е должен да:
a) ги превземе сите разумни мерки да се избегне, односно да се смали штетата;
b) за настанатата штета да го извести осигурувачот штом за таа штета дознае;
v) да му обезбеди регресно право од лицата одговорни за штетата;
g) во случај на оштетување (хаварија) на пловниот објект да направи записник за штетата, да го потпише и завери кај надлежни речно управни власти (Капетании).

**Член 13**

(1) Осигурувачот е должен на повик на осигуреникот да се јави поради процена на штетата.
(2) Осигурувачот е должен да надомести од осигурување и плати во рок од месец дена штом осигуреникот му достави оштетно побарување, со сите податоци и целокупната документација.

**Утврдување и исплата на штетата**

**Член 14**

(1) Утврдувањето на причините, обемот и висината на настанатата штета ја врши осигурувачот преку свои претставници или хавариски комесари назначени во полисата, односно соодветна стручна организација.
(2) Во случај осигуреникот да не се сложи со наодите на одреденото лице, односно организацијата, има право да го оспори и изврши комисиска процена на штетата.
(3) Комисијата од претходниот став се состои од два члена од кои едниот го именува осигурувачот, а другиот осигуреникот. Во случај на несогласување на членовите на комисијата, членовите на комисијата именуваат трет член, ако не можат да се сложат за третото лице, трет член ќе наименува судот надлежен спрема местото на склучување на договорот за осигурување.
(4) Трошоците за работата на комисијата ги поднесуваат осигурувачот и осигуреникот за членовите што тие ги именувале, а трошоците за третиот член ги поднесуваат по пола.

**Член 15**

(1) Како трајна загуба на пловниот објект се смета:
a) потонување без можност за вадење;
b) потполно уништување на пловниот објект;

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

v) оштетување на пловннот објект што не може да сепоправи и поради што пловниот објект престанува да постои како ствар на одредена врста;
g) загуба на пловниот објект (намалени вести за него после 90 дена од денот на првите вести кои се однесуваат на него), под услов да бидат пријавени на надлежните органи;
d) ако трошоците на поправка на пловниот објект, односно трошоците за вадење на потонатиот пловен објект ја надминуваат осигурената сума.

**Член 16**

(1) По процена на штетата осигуреникот ќе постапи веднашна извршување на дефинитивната поправка што паѓа на терет на осигурувачот. Доколку е проценето дека висината на штета ја надминува сумата на договорената франшиза во денари или е еквивалентен износ во странска валута на договорената франшиза, осигуреникот за штетите кои се поправаат во странство ќе му достави на осигурувачот писменапонуда на бродоградилишта или соодветни работилници.
(2) За штети под договорената франшиза во денари или еквивалентен износ во странска валута потребна е спогодба за изборот на извршителот на работите помеѓу осигуреникот и осигурувачот без претходна поднесена понуда.
(3) Осигурувачот не е во обврска да надомести штети што би настанале накнадно како последица на неизвршените поправки од поранешните оштетувања.

**Член 17**

(1) Ликвидацијата на штетите ќе се врши на образложено писмено барање на осигуреникот. Со барањето осигуреникот е должен на осигурувачот да му ги достави сите податоци со кои што располага, ашто се потребни или можат да придонесат за правилно утврдување на причините, обемот и висината на штетите и правото на регрес, ако постои.
(2) Осигурувачот може со надомест на трошоците да бара осигуреникот да му обезбеди и други докази, ако смета дека тоа е потребно поради правилна проценка на своите обврски.

**Член 18**

(1) Надомест на штета по ова осигурување ги опфаќа:
1) вистинските трошоци на поправка на објектот како и останатите трошоци поврзани со поправката, (спрема доставените фактури или по спогодба помеѓу осигуреникот и осигурувачот, а врз основа на процена на штетата;
2) трошоците за преглед на подводниот дел на пловниот објект после насукување и удар на дното на пловниот пат или на некој туѓ предмет, но ако постоела разбирлива основа дека објектот можел да претрпи штета, се надоместува како посебна штета, па и тогаш кога ќе се утврди дека објектот не претрпел никаква штета;
3) трошоците на доковање, односно на извлекување на навоз на пловниот објект во целост под услов осигуреннкот за време на доковањето,односно доизвлекувањето да не вршел работа за своја

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

сметка, а за чие што извршување било потребно објектот да не се извлече;

a) во случаи кога осигуреникот за цело време додека објектот се наоѓал надвор од водите вршел работа за своја сметка, тогаш сите трошоци на извлекување и стоење на пловниот објект на навозот или докот ги делат на еднакви делови помеѓу осигуреникот и осигурувачот;

b) кога е препорачано поправката на објектот да се изврши при наредното доковање или извлекување, трошоците на тоа доковање или извлекување се делат на еднакви делови помеѓу осигуреникот и осигурувачот;

4) трошоците на перење и чистење на танкерот во целост и под услов перењето и чистењето да било препорачано од страна на осигурувачот и за тоа време осигуреникот да не вршел работи за своја сметка и за чие изведување би било потребно перење и чистење на танкерот;

a) во случаи кога осигуреникот вршел работи на танкерот за своја сметка, а за изведување на истите било потребно танкерот да се пере и чисти, тогаш трошоците за перење и чистење се делат на еднакви делови помеѓу осигуреникот и осигурувачот;

5) трошоците на бојадисување и стружење на очистените подводни делови на пловниот објект во случаите кога за тоа ќе се покаже потреба после насукување, поради оштетување на подводниот дел на објектот како и хаварија на осовината на кормилото, осмиот виог или кормило, а и во случаите кога времетраењето на доковањето или извлекувањето на навозот предизвикува загуба на исправноста на подводната боја под услов бојадисувањето и стругањето да било препорачано од страна на осигурувачот и осиуреникот да се придржувал на вообичаените постапки за зачувување на убавината на подводната боја;

6) трошоците на осигуреникот што биле потребни за утврдување и ликвидација на штетата;

7) разумните трошоци за спасување ако се направени во согласност со осигурувачот, како и наградата за спасување.

## Член 19

(1) При исплатата на надоместокот на штетата за поедина хаварија на осигурениот пловен објект нема да се врши одбивање поради зголемена вредност на пловниот објект поради замена на старите делови со нови делови, но ќе се одбие вредноста на заменетите стари делови што остануваат на располагање на осигуреникот.

(2) Ако поради поправката или замената на деловите значително се зголеми стварната вредност на бродот, од износот на надоместот од осигурување се одбива зголемениот дел на вредноста што на тој начин му настанал.

## Член 20

(1) Осигурувачот може во исклучителни случаи на барање на осигуреникот во текот на постапката на ликвидација, да прави директна исплата на извршителот на работите на име на трошоци за штета што тој ги признава на свој товар.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Член 21**

(1) Во текот на постапката на ликвидација на поедина хаварија во исклучителни случаи, осигуреникот може да бара аконтација до 75% од висината на стварно исплатените фактури, а под услов лицето што било одредено за составување на конечниот извештај да ги одобри сметките или осигурувачот непосредно да се согласил дека фактурите можат да се исплатат на негов товар.

**Регрес**

**Член 22**

(1) Со исплата на надомест на штетата на осигурувачот поминуваат сите права што осигуреникот ги има спрематрети лица одговорни за настанатата штета и тоа во границите на исплатениот надоместок.

**Плаќање на премија и последици од неплаќање**

**Член 23**

(1) Договарачот ја плаќа премијата одеднаш, ако поинаку не се договори.
(2) Ако е договорено плаќање на премијата на рати, Договарачот ја плаќа првата рата во моментот на склучување на договорот за осигурување, најдоцна до15 дена.
(3) Во случај на штета, сите рати на премијата доспеваат за наплата и се одбиваат од штетите при исплатата.
(4) АД за осигурување ЗОИЛ Македонија е овластена сите доспеани неплатени рати на премијата да му ги одбие на осигуреникот при исплатата на штета.
(5) АД за осигурување ЗОИЛ Македонија има право да пресмета и наплати законска казнена камата на сите доспеани, а неплатени износи согласно полисата/анексот за плаќање и овие услови, сметајќи од денот на паѓање во задоцнување до денот на целосна исплата.
(6) АД за осигурување ЗОИЛ Македонија го задржува своето право за раскинување на договорот за осигурување поради неплаќање на премија, а согласно член 969 од Законот за облигациони односи.

**Решавање приговори, постапка на вонсудско решавање спорови, надлежен суд во случај на решавање на спор, упатување на Агенцијата за супервизија на осигурување,како надлежен орган за супервизија на друштвото**

**Член 24**

(1) Доколку договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето не се задоволни од првостепената одлука на Осигурувачот, имаат право да поднесат приговор во рок од 8 дена до Комисијата на осигурувачот која одлучува по приговори. Приговорот може да му се упати на осигурувачот на адресата на АД за осигурување ЗОИЛ Македонија или во просториите на АД за осигурување ЗОИЛ Македонија.
(2) Приговорот треба да содржи:
- име и презиме и адреса на подносителот на приговорот кој е физичко лице или на неговиот законски застапник, односно фирма, седиште и име и презиме на одговорното лице на подносителот

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

наприговорот кој е правно лице;

- причини за приговорот и барања на подносителот на приговорот;
- докази со кои се потврдуваат наводите од приговорот кога е можно тие да се приложат, а може да содржи и исправи кои не биле разгледувани во постапката во која е донесена одлуката поради која се поднесува приговорот како и предлози за изведување докази;
- датум на поднесување на приговорот и потпис наподносителот на приговорот односно лицето кое го застапува;
- полномошно за застапување, кога приговорот е поднесен преку полномошник.

(3) Друштвото е должно во писмена форма да одговори на приговорот во законски предвидениот рок.

(4) Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето можат да достават жалба за работењето на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето (АСО), како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

(5) Во случај на спор, договарачот, осигуреникот иликорисникот на осигурувањето ќе се обидат спорот да горешат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, надлежене стварно надлежниот суд во местото на седиштето наосигурувачот. Измена на назив и адреса на осигуреник/договорувачЧлен 25

(1) Во случај на промена на адресата/седиштето или називот/името или презимето на договарачот односно осигуреникот, истиот е должен веднаш, но не подоцна од 3 дена од денот на промената, за истото писмено да го извести друштвото за осигурување.

(2) Во спротивно, сите писмена кои ќе се пратат на адресатакоја му е последна позната на друштвото за осигурувањеќе се сметаат за уредно пратени

**Рок за исплата на штета и заложни права**
**Член 26**

(1) Кога ќе се случи осигуран ризик, осигурувачот е должен да исплати надокнада во рок од 14 (четиринаесет) дена,сметајќи од денот кога осигурувачот добил известувањедека се случил осигурен ризик.

Ако за утврдување на обврската на осигурувачот е потребно извесно време, овој рок почнува да тече од денот кога е утврдено дека постои негова обврска заисплата.

(2) По истекување на 14 (четиринаесет) дена од пријавата на штетата доколку не е утврдено обврската на осигурувачот за исплата, осигурувачот е должен на барање на овластено лице да исплати сума на неспорен дел на својата обврска на име аконтација.

(3) По настапувањето на осигурениот случај, заложните права и другите права што порано постоеле над осигурениот предмет, го имаат за предмет надоместот што се должи, како во случај на осигурување на сопствен предмет, така и во случај на осигурување натуѓи предмети поради обврската за нивното чување ивраќање, па друштвото за осигурување не може да му гоисплати надоместот на осигуреникот без согласност од носителите на тие права. Овие лица можат да бараат непосредно од друштвото за осигурување, во границите на сумата на осигурувањето и според законскиот ред, даим ги исплати нивните побарувања. Меѓутоа, ако во моментот на исплатата друштвото за осигурување не знаело ниту можело да знае за тие права, извршенатаисплата на надоместот на осигуреникот останува полноважна.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Начин на поднесување на приговор, односно жалба противработењето на друштвото за осигурување**

**Член 27**

(1) Во случај кога осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека друштвото за осигурување не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка до:

1. Организационата единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување (комисија запостапување по преставки).
2. Службата за внатрешна ревизија во друштвото заосигурување.
3. Организацијата за заштита на потрошувачи и
4. Агенцијата за супервизија на осигурување. Друштвото за осигурување преку воспоставен систем и интерни процедури одлучува по поднесените преставки во рок од 30 дена од денот на поднесување на преставката. Друштвото води регистар на доставени и решени преставкии за истите во законските рокови е должно да ја известува Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

**Форма на договор, измени, заштита на личните податоци**

**Член 28**

(1) Договорот за осигурување како и сите негови дополнувања и измени се полноважни само ако се склучени во писмена форма. Сите известувања и изјави кои се даваат во врска со одредбите од договорот заосигурување мора да бидат дадени во писмена форма.

(2) АД за осигурување ЗОИЛ Македонија се обврзува дека ќе ја чува приватноста на своите клиенти. Собираме само нужни, основни податоци за купувачите/корисниците со целсклучување договор за осигурување, а ги обработуваме за маркетиншки цели само доколку поседуваме соодветна согласност. Се обврзуваме да обезбедиме заштита на личните податоци на сите свои клиенти, кои ќе им ги препраќаме на надлежните органи согласно позитивните прописи. Сите податоци за клиентите сечуваат строго и достапни им се само на вработените на кои тие податоци им се нужни за вршење на работата. Сите вработени на АД за осигурување ЗОИЛ Македонија и деловните партнери се одговорни за почитување на начелото на заштита на приватноста.

**Упатување на други услови, потврда за примање наусловите и др.**

**Член 29**

(1) На односите кои произлегуваат од договорот за осигурување, а не се уредени со овие услови или полисата за осигурување, се применуваат одредбите од Условите за осигурување од пожар и некои други ризици, Општите услови за осигурување на имоти, Законот за облигациони односи и останатите важечки прописи на Република Северна Македонија.

(2) Договарачот на осигурување/осигуреникот со потписот на понудата/полисата изречно потврдува

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански” бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

дека пред склучувањето на договорот за осигурување е писменоизвестен од осигурувачот за сите податоци согласно одредбите од член 49-51 од Законот за супервизија на осигурувањето.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Осигуреникот, односно договорувачот, доколку е физичко лице, има право да поднесе жалба во однос на осигурувачот, осигурителните брокерски душтва, друштвата за застапување во осигурувањето и застапниците во осигурувањето, до Агенцијата за супервизија на осигурување како надлежен орган на супервизија на друштвата за осигурување, согласно со Законот за супервизија на осигурувањето.

Во случај Осигурувачот и Осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, Осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од Осигурувачот, до Второстепена комисија за решавање на штети по приговор.

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќеги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основниот граѓански суд Битола.

Овие Услови влегуваат во сила по нивното донесување.